

Сабота 13/11/2010 година Температурата над 20^0 Ц беше искористена да се спроведе контролно третирање против опасната Вароа деструктор. Сите друштва кои беа третирани на 17/10/2010 година само со едно третирање со Варолик покажаа висока заразеност и имаше отпаднато голем број на Варои. На 10 друштва со мрежни вароа подници беше извршено контролно третирање со задимување - амитраз - Варолик. Кај 7 друштва немаше ниту една отпадната вароа кај 2 имаше по 2 паднати варои и кај 1 три паднати варои.Беа задимени и 3 нуклеуса со класични подници.После подигањето на нуклеусите на подницата имаше 3 варои само кај еден нуклеус кај останатите немаше отпаднати варои. Сметам дека последното задимување на 17/10/2010 година ја има завршено својата работа така да во пчелините семејства има многу мала заразеност со овој опасен паразит.Останатите 90 заедници немаше потреба повторно да ги третирам. Сметам дека немањето легло во пчелините заедници на 17/10/2010 година придонесе за голем процент на ефикасност на амитразот но исто така и фактот дека амитраз против Вароата не е користен последните две години. Веке беше објавено дека овие заедници од 1/08/2010 до 5/09/2010 година беа третирани со Варозан.